ГОДИШЊАК
ИНСТИТУТА ЗА ДЕЧЈУ КЊИЖЕВНОСТ

ИНСТИТУТ
ЗА ДЕЧЈУ КЊИЖЕВНОСТ


ISSN 2812-765X
ГОДИШЊАК
ИНСТИТУТА ЗА ДЕЧЈУ КЊИЖЕВНОСТ
ГОДИНА 2 • БРОЈ 2
БЕОГРАД, 2022

*Издавач*
Институт за дечју књижевност
Краља Милана 4, Београд
E-mail: institutdk@yahoo.com
www.lukabooks.com

*За издавача*
Др Милутин Ђуричковић

*Главни и одговорни уредник*
Проф. др Миомир Милинковић

*Оперативни уредник*
Проф. др Предраг Јашовић

*Уређивачки одбор*
Проф. др Миливоје Млађеновић, проф. др Драгољуб Перић, проф. др Мирјана Стакић, др Јелена Вељовић Мекић, др Слађана Миленковић, др Даница Столић, др Тамара Грујић, др Душица Потић

*Инострани чланови Уређивачког одбора*
Проф. др Јованка Денкова (Северна Македонија), проф. др Марина Габелица (Хрватска), проф. др Вилдана Печенковић (БиХ), проф. др Андријана Николић (Црна Гора), академик Иван Чарота (Белорусија), проф. др Анђелика Хобжила (Румунија), др Владимир Бабошин (Русија)

Часопис излази једанпут годишње

*Лектура и коректура*
Ана Ковачевић

*Технички уредник*
Радислав Јовић

*Штампа*
„Гораграф", Београд

ISSN 2812-765X
COBISS.SR-ID 54580489

Институт за дечју књижевност
Београд

# ГОДИШЊАК
## ИНСТИТУТА ЗА ДЕЧЈУ КЊИЖЕВНОСТ

Година II
Бр. 2

Београд
2022

*Рецензенти*

Проф. др емеритус Љиљана Пешикан Љуштановић
Филозофски факултет, Нови Сад

Проф. др емеритус Тихомир Петровић
Педагошки факултет, Сомбор

Проф. др Сунчица Денић
Педагошки факултет, Врање

Проф. др Саша Кнежевић
Филозофски факултет, Источно Сарајево
Реп. Српска (БиХ)

Prof. dr. Maja Verdonik
Učiteljski fakultet, Rijeka (Hrvatska)

Проф. др Драшко Дошљак
Филозофски факултет, Никшић (Црна Гора)

Др Сашо Огненовски
Научно друштво, Битољ (С. Македонија)

Др Милица Ћуковић
Институт за књижевност и уметност, Београд

Др Мирјана Чутовић
Педагошки факултет, Ужице

Др Душица Потић
Академија техничко-васпитачких струковних студија
Одсек Пирот

Др Милош Насковић
Академија васпитачко-медицинских струковних студија
Одсек Алексинац

Др Тамара Грујић
Висока школа струковних студија за образовање васпитача
Кикинда

САДРЖАЈ

УВОДНА РЕЧ....9

1.

Микита В. Супрунчук
ПОЕТИЧКЕ ОДЛИКЕ БАЈКЕ....13
Гертруда С. Стокњицка
КАШУПСКЕ БАЈКЕ, ПРЕДАЊА И ЛЕГЕНДЕ
У КЊИГАМА ЗА ДЕЦУ....21
Ирена Н. Ена
ПРОЛЕТЕРСКЕ БАЈКЕ ЗА ДЕЦУ
У АУСТРИЈСКОЈ КЊИЖЕВНОСТИ....36
Жарко М. Требјешанин
УЛОГА БАЈКЕ У СОЦИЈАЛИЗАЦИЈИ
И ИНКЛУЗИЈИ ПРЕДШКОЛСКЕ ДЕЦЕ....43
Милица Р. Петрић
УЛОГА БАЈКЕ У РАЗВОЈУ ДЕЧЈЕ ЛИЧНОСТИ У ПРЕДШКОЛСКОМ
И РАНОМ ШКОЛСКОМ УЗРАСТУ....54
Иван А. Чарота
БИБЛИЈА ЗА ДЕЦУ....63
Миомир З. Милинковић
ДЕТЕ У РЕТРОСПЕКТИВИ КЊИЖЕВНЕ ИСТОРИЈЕ....69
Андријана Р. Максимовић, Аида Р. Врцић Амар
СОЦИО-ПСИХОЛОШКО ПРЕДСТАВЕ О ДЕЦИ
У КЊИЖЕВНОСТИ ЗА ДЕЦУ....76
Александра М. Чворовић
КУЛТУРА ЧИТАЊА И ЊЕНО ПОДСТИЦАЊЕ
У ДЈЕЧИЈЕМ УЗРАСТУ....81
Аелита Г. Долуханјан
КРАТАК ПРЕГЛЕД РАЗВОЈА ЈЕРМЕНСКЕ КЊИЖЕВНОСТИ ЗА ДЕЦУ....90
Силвија Ф. Монрос
ГЕНЕЗА И РАЗВОЈ АРГЕНТИНСКЕ ПРИЧЕ ЗА ДЕЦУ....97
Анамарија Н. Маринковић
ОСВРТ НА КЊИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦУ У ПОРТУГАЛИЈИ....107
Росица П. Чернокожева
ТЕНДЕНЦИЈЕ У РАЗВОЈУ САВРЕМЕНЕ БУГАРСКЕ
КЊИЖЕВНОСТИ ЗА ДЕЦУ....123
Ermir T. Nika
POGLED NA ALBANSKU KNJIŽEVNOST ZA DECU....130

Marina M. Gabelica
PEPELJUGA U NOVOM RUHU – HIPERTEKSTUALNE ODLIKE
VIZUALNOG ROMANA *CINDERS*.......................................................................145
Лазар М. Букумировић, Јелена Ђ. Марићевић Балаћ
ВИШЕЗНАЧНОСТ АНИМИРАНОГ ФИЛМА
*НАШ МАГИЧНИ СВЕТ* / *ENCANTO* (2021) ........................................................162
Дуња Ж. Давидовић
МЕТАМОРФОЗА ТРАДИЦИОНАЛНЕ ВЕШТИЦЕ ОД БАЈКЕ
*СНЕЖАНА И СЕДАМ ПАТУЉАКА* ДО ЊЕНЕ АУДИО
И АУДИО-ВИЗУЕЛНЕ АДАПТАЦИЈЕ .................................................................174
Милана Р. Поучки
ОДНОС ОДРАСЛИХ И ДЕЦЕ У „МАЛОМ ПРИНЦУ"
АНТОАНА ДЕ СЕНТ ЕГЗИПЕРИЈА........................................................................187
Милена Д. Војиновић
ЛИКОВНИ И БАШТИНСКИ МОТИВИ У РОМАНУ „МАЛИ ПРИНЦ"
АНТОАНА ДЕ СЕНТ ЕГЗИПЕРИЈА........................................................................205
Милан З. Богдановић
ЛИКОВИ ДЕЦЕ У ПОЕЗИЈИ ЈОВАНА ЈОВАНОВИЋА ЗМАЈА........................215
Марија Д. Ристић
ДОПРИНОС ЈОВАНА ЈОВАНОВИЋА ЗМАЈА
РАЗВОЈУ ИЛУСТРАЦИЈЕ И ДИЗАЈНА ЧАСОПИСА У СРБИЈИ ....................227
Валентина М. Златановић Марковић
ЕЛЕМЕНТИ ХРИШЋАНСКЕ ДУХОВНОСТИ
У ПОЕЗИЈИ БРАНКА РАДИЧЕВИЋА...................................................................242
Милорад Ж. Филић
НИКОДИМ С. САВИЋ – ПРВИ СРПСКИ ПИСАЦ ЗА ДЕЦУ
СА КОСОВА И МЕТОХИЈЕ ....................................................................................257
Оља С. Василева
„ПЛАМЕНИ ЈАХАЧИ" ВОЈЕ ЦАРИЋА.................................................................265
Слађана М. Миленковић
ПЕСМЕ О МАЈЦИ БРАНКА В. РАДИЧЕВИЋА ...................................................275
Велибор В. Петковић
ТРАНСМЕДИЈАЛНИ НАРАТИВ ДЕТИЊСТВА
ДУШАНА РАДОВИЋА ............................................................................................284
Цвијетин С. Ристановић
КЊИЖЕВНО СТВАРАЛАШТВО ЗА ДЈЕЦУ БОШКА ЛОМОВИЋА...............298
Даница В. Столић
ПОЕТИКА РОМАНА ЗА МЛАДЕ ОЛИВЕРЕ ОЉЕ ЈЕЛКИЋ............................310
**Ана К. Радоичић**
СИНДРОМ ПЕТРА ПАНА У САВРЕМЕНОЈ ПОЕЗИЈИ ЗА ДЕЦУ ..................324

Vildana R. Pečenković
MOTIVI U SAVREMENOJ POEZIJI ZA DJECU
U BOSNI I HERCEGOVINI ........................................ 333
Amira H. Dervišević
USMENOKNJIŽEVNI INTERTEKST BAJKI IZ ZBIRKE
*DRVENI KONJIĆ* ISMETA BEKRIĆA ........................................ 345
Бранка Р. Брчкало
ДОПРИНОС МИОМИРА МИЛИНКОВИЋА У ПРОУЧАВАЊУ
СРПСКЕ КЊИЖЕВНОСТИ ЗА ДЈЕЦУ ........................................ 355
Јованка Д. Денкова
РОМАНОТ *ЛИЦЕТО НА САМОВИЛАТА* ОД СТОЈМИР СИМЈАНОВСКИ
СПОЈ МЕЃУ МИТОЛОГИЈАТА И НАУЧНАТА ФАНТАСТИКА ........................................ 368
Махмут И. Челик
КРАТКЕ ПРИЧЕ ЗА ДЕЦУ НЕЏАТИЈА ЗЕКЕРИЈЕ ........................................ 378

2.
Наташа П. Клајић
ИСТРАЖИВАЧКО ЧИТАЊЕ ЧЕХОВЉЕВИХ НОВЕЛА
ЗА ДЕЦУ И МЛАДЕ „КЕСТЕНКА" И „КОЊСКО ПРЕЗИМЕ"
У ПЕТОМ И ШЕСТОМ РАЗРЕДУ ОСНОВНЕ ШКОЛЕ ........................................ 389
Маја М. Димитријевић
НАСТАВНИ ПРИСТУП КРАТКОЈ ПРИЧИ ЗА ДЕЦУ:
САВРЕМЕНИ СРПСКИ АУТОРИ У РЕФОРМИСАНИМ
ШКОЛСКИМ ПРОГРАМИМА ........................................ 403
Предраг М. Јашовић
МЕТОДИЧКА ОБРАДА ПЕСМЕ *А У ШТО ЈЕ ШКОЛА ЗГОДНА*
ЉУБИВОЈА РШУМОВИЋА ........................................ 418
Веселин Р. Булатовић
МЕТОДИЧКА ПОЛАЗИШТА ЗА ИНТЕРПРЕТАЦИЈУ НУШИЋЕВЕ
„АУТОБИОГРАФИЈЕ", „ТАШУЛЕ" И „ОЖАЛОШЋЕНЕ ПОРОДИЦЕ" ........ 425
Андријана А. Николић
МЕТОДИЧКИ ПРИСТУП ПЈЕСМИ „МОРЕ" ЈОСИПА ПУПАЧИЋА
У ШЕСТОМ РАЗРЕДУ ОСНОВНЕ ШКОЛЕ ........................................ 438

3.
Срето З. Танасић
БАЈКОВИТЕ ПРИЧЕ О ЧАРОБНОМ СВЕТУ ........................................ 455
Саша Д. Кнежевић
И ТАКО НАСТА О ЗЕМЉИ ЧУДА ПРИЧА ........................................ 457
Марија С. Цветићанин
ДВОСТРУКА НАРАТИВНА ПЕРСПЕКТИВА ........................................ 460
Томислав М. Ђокић
ОАЗА ДЕТИЊСТВА ........................................ 464


**Јованка Д. Денкова**[381]
**Филолошки факултет**
**Штип (С. Македонија)**

**УДК 821.163.3.09-31 Симјановски С.**
**Прегледни рад**

Јованка Д. ДЕНКОВА

# РОМАНОТ „ЛИЦЕТО НА САМОВИЛАТА" ОД СТОЈМИР СИМЈАНОВСКИ – СПОЈ МЕЃУ МИТОЛОГИЈАТА И НАУЧНАТА ФАНТАСТИКА

Апстракт: Во оваа статија се прави осврт кон еден научно-фантастичен роман на Стојмир Симјановски – „Лицето на самовилата" објавен во 1993 година. Стојмир Симјановски е најпознатиот писател на научно-фантастична проза во македонската литература. Во тој контекст треба да се споменат и неговите романи: „Ацела", „Двојната Ева", „Ќерката на ѕвездите", „Бојата на времето" и др. Во статијата од теориско-критички аспект се анализираат научно-фантастичните елементи во романот, како и неговата поврзаност со други книжевни жанрови: чудното, чудесното, фолклорот, митологијата.

Клучни зборови: научна фантастика, роман за деца и млади, Стојмир Симјановски.

Научната фантастика одамна е место за повторно замислување на првиот контакт. Понекогаш таа следи строго утврден пат, во кој цивилизациите (често инспирирани од остатоците од нашето сопствено колонијално минато) ја докажуваат нивната доминација низ ѕвездите, но некои важни дела од научната фантастика се користени од авторите за да се преиспитаат етичките импликации на меѓувидовите и меѓучовечките средби.[1] Романот „Лицето на самовилата“ од Стојмир Симјановски е објавен 1991 година. Самиот наслов уште веднаш го соочува читателот со претпоставки за светот во кој ќе егзистираат неговите јунаци. На тоа укажува и запознавањето со главниот лик, новинарот Мартин, вработен во редакцијата на весникот „Вечер“, во екот на летото, додека се разладува со ладно пиво и веќе во мислите го планира летниот одмор на кој треба да замине.

Првото нарушување на неговите планови е појавувањето на неговиот уредник Кирил, кој му задава задача да напише фељтон за една необична појава, и тоа во рок од две недели: „Кај некој извор во Бистра почнала да се појавува некоја мистериозна и убава гола девојка...(...) појавата на таа изворска убавица е поврзана со неколку чуда меѓу кои и исчезнувања на луѓе, веројатно убиства и нешто друго“ (6)[2]. Така, без своја согласност Мартин е турнат во потрага по мистериозната гола убавица, чија појава асоцира на некакво митолошки суштество, во случајов – самовила.

Од фолклорот потекнува сознанието за постоењето на самовилите, кои се замислени како прекрасни млади жени со допадливо лице и снага, со црна или златеста расплетена коса. Тие според народните верувања, живеат во планинските врвови, под облаците, по пештерите, во групи, како и крај планинските езера и реки, капејќи се често во нивната бистра вода. Носеле проѕирна облека која ја истакнувала нивната телесна убавина[3]. Двојноста во нивниот карактер во однос на луѓето е широко распространета, така што се верувало дека тие некогаш се јавувале како помошници на луѓето, но многу често знаеле и да ги казнат (го одземале видот, ги одведувале овчарите со себе и сл.). Се разбира, Мартин воопшто не се поведува од необичноста поврзана со мистериозната девојка, па така и ја започнува потрагата по неа.

Меѓутоа, авторот овде вплетува и друга приказна, со што на извесен начин се релативизира впечатокот за мистериозната девојка. Втората приказна, за која Мартин воопшто не е свесен сè додека не му „потшепнат“ пријатели од полицијата, е онаа за потрагата по закопаното злато во која, наводно се впуштил шумарот Јордан. Мистериозноста е засилена и со неговото исчезнување, зашто истовремено, тој е и личноста која наводно ја видела мистериозната девојка на изворот. Со тоа, одненадеж и Мартин е осомничен за наводната потрага по злато, па тој ја продолжува истрагата, со некоја нејасна желба во себе да ја докаже невиноста.

Необичните, настани во романот започнуваат со сонот, кој може да се оквалификува и како претскажувачки, во кој Мартин ќе го види ликот на шумарот Јордан, за кој подоцна, при првата средба ќе констатира: „Мартина не го изненади толку тоа што го сони сонот, туку тоа што луѓето му го опишаа Јордана токму онаков каков што го виде насон. Отсекогаш Мартин верувал во соништата и никогаш тоа не го чудело, го бунеше сега тоа што почнаа да му се мешаат соништата и јавето, инаку како беше можно да го сони онаков каков што е човекот кого никогаш не го видел“ (17). Привлечен од необичноста на приказната (и за мистериозната девојка и за златото), желен да ја открие вистина, Мартин сам ќе се вдаде во истражување на планината, при

---

[1] Mary Elaine Martin, Posthumanist Androids, Animals, and Aliens Using Science Fiction “Others” to Re-negotiate Human Interactions, Faculty of Humanities, University of Oslo, 2021, p.5
[2] Стојмир Симјановски, Лицето на самовилата, Мисирков, Битола, 1991.
[3] Томе Саздов, Усна народна книжевност, Детска радост, Скопје, 1997, стр.44.

што ќе биде каснат од змија-отровница. За среќа, ќе биде спасен во последен миг, од рацете на докторката Лила, по што започнуваа врска која ќе биде крунисана и со свршувачка. Но, ликот на Лила, кој е воведен во оваа авантуристичко-детективска приказна, претставува една дигресија од раскажувачкиот тек на дејството. Овој лик не е воведен случајно, напротив, преку ликот на Лила, Мартин се запознава со нејзината помала сестра. Всушност, ликот на Лила, како да е само декоративен елемент, преку кој читателот се среќава со Сена. Тоа е воочливо уште при првата средба на Мартин со Лила и Сена: „На Мартин му се фатија вилиците, бидејќи попријатно и подопадливо суштество од девојката човек може само еднаш да сретне во животот и никогаш повеќе, макар што таа девојка немаше повеќе од седумнаесет години и сè уште не беа дојдени до израз нејзините женски вошепства. На бледото лице со чудна, речиси проѕирна кожа, уште почудно се оцртуваа скоро смешаните веѓи под кои гореа со некој таинствен оган црните очи...Мартин имаше впечаток дека пред себе гледа убавица од древниот Египет која на некој непознат начин ги надживеала вековите и милениумите и останала до денес да восхитува и зачудува, предизвикува почит и потсетува дека убавината на жената е навистина дар од природата, но дар сам за себе, додека добрината е дар даден не само да му се восхитуваат, туку и да го почувствуваат и другите. Ако дотогаш Мартин нема претстава за добра самовила, сега му се даде прилика да си создаде во свеста прототип за таква самовила“ (22). Описот на ликот на Лила, пак, е сосема различен и во него отсуствува воодушевувачкиот елемент: „Беше облечена во свилен син фустан кој уште повеќе ја истакнуваше убавината на складното тело. Пот оа како паѓаше фустанот Мартин заклучи дека под фустанот ништо друго не носи, а по тоа како чекореше низ собата знаеше дека е смела и горделива жена која повеќе од сè на светот ја цени и сака слободата. Русите распуштени коси ѝ се развејуваа по плеќите, а од сините месечини мислеше дека секој миг ќе блеснат секавици и ќе ја пресечат, додека озарените овални образи со секогаш поднасмевнатите усни оддаваа весела и отворена жена спремна секогаш и секаде да покаже што има и што сака“ (23).

И покрај промените во приватниот живот, Мартин не го напушта мислата за сторијата што треба да ја напише, и постојано се движи на границата на веројатно-неверојатно, можно-неможно, сè додека не му покажат доказ, фотографија од мистериозната гола девојка, но уште почудни и неверојатни се туѓите искуства при средбата со неа: „Фатална е таа гола жена и кој ќе ја види не само што го гледа она по што жали или тагува, туку повеќе ни мир ќе има ни сон ќе има, а знам еден кој сосема се изгуби...Мене не ме чуди тоа што некому му личи на ќерка му, некому на мајка му; еден во неа ја гледа жената, друг љубовницата; некои во неа гледаа живи, а некои мртви женски ликови...“ (29). Од претходната наративна секвенца, можат да се претпостават неколку работи: прво, дека девојката им се појавила на неколку луѓе (иако никој не сакал да зборува отворено за тоа); второ, во неа има нешто опасно, фатално, затоа што за секој има посебен изглед, на некоја ним блиска личност, и трето, мистериозната девојка секогаш има женски лик или презема лик на жени. Фактот што може да преземе лик на мртви луѓе, е она што го дава демонскиот карактер на нејзиниот лик: „Тој, техничарот Тошо, пронашол записи од некој доктор кој пред педесетина години успеал да воспостави контакт со голата Вселенка, но кога сакал да ги обелодени своите сознанија, наеднаш го снемало и повеќе не го нашле никаде. ...- Па како дошол до записите? –Ги пронашол некој спелеолог во една пештера во планината и после му паднале в раце на техничарот Тошо, кој веќе долго време е опседнат со голата девојка“ (42). Таа чудна опседнататост со девојката ја чувствува и шумарот Јордан: „И после почна да ми се јавува на сон, но тоа уште повеќе ме буни; овде кај водана ми се чини дека ја гледам мајка а ноќе кога ќе ми дојде на сон ми се чини ја гледам сестра ми умрената. И сега ајде најдете му крај на сето тоа и веќе не знам ни што да правам ни до кога ќе издржам вака.

Вие сега ќе речете: па што барам овде? И јас така би велел, но јас морам, оти ако не дојдам едноставно ме зафаќа некој потаен и чуден страв и мислам дека којзнае што ќе ми се случи ако не дојдам ваму“ (35).

По многуте приказни и претпоставки, кога конечно се случува првата средба на Мартин со голата девојка, која завршува со неуспешно направени фотографии, како и втората средба, и кај Мартин почнува да се јавува чудно неспокојство, особено зашто во ликот на голата девојка го препознава/назира ликот на Сена. И покрај завршената новинарска задача – да напише фељтон за голата девојка, неспокојство ќе му го наруши сонот: „Сега тој мислеше дека ќе легне и два дена и две ноќи ќе спие како топ, меѓутоа ни можеше да заспие ни на сонот мислеше. Така го дочека денот и дури тогаш му дојде малу сон. Заспа и веднаш скокна, бидејќи место голата девојка на сон ја виде Сена. Ја сони неа и место нешто друго, тој на сонот ја грабна за врат да ја дави, таа вресна колку што можеше, а тој се разбуди“ (45). Нарушениот сон ќе го натера Мартин да побара помош и совет од Лила, која како вистински лекар, му препишува антидепресиви, но и го испраќа и на психијатар: „Тогаш ќе ви дадам една доза пранекс и Б-комплекс и неколку дена одморете и не читајте фантастична литература, а посебно не ги гледајте оние грозоморни филмови со кои нè дави телевизијава“ (49). Евидентно е дека никој не му верува на Мартин за голата девојка за која тој е веќе сигурен дека е од Вселената, па почнуваат да го прават луд, со што делото од областа на фантастиката, полека преминува во доменот на чудното. Некогаш основа на огромното мнозинство на научна фантастика која постои во моментов, потенцијалниот контакт меѓу луѓето на Земјата и вонземската интелигенција долго време ја фасцинирана човечката имагинација, како резултат на што се создадоа голем број на популарни романи и филмови.[4]

Од овој момент започнува пропаста на Мартин, кога по неумереното пиење во некоја зафрлена кафеана, се буди во својот стан со колешката Јулка покрај себе. Но, како и тоа да не е доволно, па кога работите тргнуваат по удолница, во станот наидува Сена, која ќе биде сведок на оваа сцена. И додека Јулка навредена, си заминува заради односот на Мартин кон неа, во станот доаѓа Лила, која му носи убава вест: „Само да знаеш, надвор е вистинска сензација и весникот е скоро разграбен... Од денес во повеќе продолженија следете го ексклузивниот фељтон на нашиот новинар Мартин за загадочната девојка која со милениуми се појавува во водите на планинскиот извор...“ (59). На Мартин не може да му избега потсмешливиот тон во нејзиниот глас: „Мартине, душо, науката е сериозна работа и со неа нема шега, а таа твоја научна фантастика е измислена само да им послужи на оние кои не можат нешто да објаснат на научен начин“ (60).

И покрај обидот на Сена да успее да ги сокрие трагите од неговото неверство, Лила ќе дознае, но обземена со емоции, погрешно ќе разбере дека се работи за Сена. Во афект, излетува на улица, и возејќи со голема брзина, загинува во сообраќајна несреќа. И покрај големата брзина, вистинската причина за незгодата е поинаква: „...наеднаш забележа некаква сенка пред кола. Се загледа поубаво и целата се вкочани. Пред кола на сам пат виде сосем гола девојка со феноменална убавина“ (64). Оттогаш натаму полицијата почнува да прави еден кафкански тип на случај против него, градејќи обвинение против Мартин врз база на инсинуации, особено откако и шумарот Јордан ќе биде пронајден мртов во шумата, а во крвта му се пронајдени лековите на Мартин, кога од страна на директорот на редакцијата ќе биде обвинет дека девојката на неговата фотографија е Сена со која заедно беа на изворот, од полициските инспектори ќе биде обвинет за

---

[4] Ricky J. Lee, Rules for The First Contact: Legal and Policy issues arising from establishing and maintaining communications with extraterrestrial, https://www.researchgate.net/profile/Ricky-Lee-12/publication/330481374, accessed 21.01.2022

неколку убиства, меѓу кои и она на шумарот Јордан, наводно откако го пронашле златото, итн.

Од тој момент, целата приказна на Мартин за голата девојка почнува да се руши како кула од карти. Одеднаш, сведоците кои, исто така, ја виделе, ги повлекуваат своите изјави и уредниците му се закануваат со повлекување на фељтонот од печат. Ако до овој момент делото на Симјановски се движеше на релација реалистично-чудно-митологија-фолклор, овде Мартин станува сè поубеден дека оние кои се противат или не веруваат во постоењето на голата девојка, почнуваат да умираат на мистериозен начин. Кога го затвораат во притвор, по ненадејната смрт на некои инспектори, го ослободуваат и заедно со Сена решаваат да се засолнат во неговиот стан. Откако од неговата редакција ќе му дадат отказ, пристигнува вест дека изгорела редакцијата на весникот „Вечер“! Во тие моменти, Мартин сфаќа дека и смртта на Лила не е случајност: „Нешто друго пред тоа ја одредило и решило судбината Лилина“ (74), а во него се зародува страв од некое неидентификувано сознание кое почнува да се оформува во неговата свест: „За првпат откако ја виде голата девојка Мартин почувствува дека возбудата што тој дотогаш ја чувствувал кога ќе ја спомнел голата девојка наеднаш прераснува во страв. Беше тоа оној чуден страв кога по нешто лошо, почне да обзема претчувство дека ќе ти се случи друго уште полошо. И тој наеднаш сфати дека тоа што се случи било само навестување и само мал предзнак на она што допрва ќе се случува кое никој не знае ни што ќе биде ни кога ќе почне; ни кога ќе заврши ниту, пак, колку ќе биде тешко и опасно и што ќе следи потоа. И она што беше најлошото беше тоа што никој освен него не веруваше во такво нешто... А дека сето тоа беше закана, беше сигурен како што беше сигурен дека тој тоа ќе мора да го обелодени, ако веќе не може да го спречи. Знаеше дека него ќе го обвинуваат и токму тој ќе биде оној кого ќе го распнат на крстот на искушенијата...“ (73).

Во последната сцена од романот, кога Мартин сам се соочува со голата девојка на изворот, се разрешува целата мистерија околу нејзиното потекло, кое и самиот Мартин го насетувал. Се востановува дека мистериозната девојка е навистина дојденка од Вселената со име Зендра и дека потекнува од одамна исчезнатата планета Зурам. Интересен е фактот што, типично за научната фантастика, целата комуникација меѓу Мартин и Зендра се одвива по телепатски пат: „И тој повеќе немаше потреба ни од движење ни од зборување,бидејќи сè што беше тука беше на дофат на раката и се разбираа без да зборнат. За чудо, Мартин сакаше со неа да зборува, а како да зборуваше со себе, бидејќи само што ќе ја прашаше нешто и наеднаш в глава му доаѓаше одговорот и тој самиот се прашуваше самиот си одговараше“ (126-127).

Понатаму, преку телепатија, како своевиден медиум, што укажува на врската на научната фантастика со обласа на чудесното/сказновидното, Зенера му го прикажува текот на настаните, кои ја довеле на Земјата: „Мартин како да беше сред тие настани кои Зенера сакаше да му ги раскаже и во кои тој го гледаше чудното менување на времето во кое еднаш секундите и миговите се издолжуваа во милениуми, а другпат милијардите години се собираа во секунди...“ (127). Преку свеста на Зенера, Мартин вчудоневидено го гледа создавањето на Универзумот, на соѕвездијата и планетите и на планетата Зурам: „Таа е цивилизацијата од планетата Зурам, чии жители воопшто не се како луѓето ниту нивната планета е како Земјата“ (128). Она по што најмногу се разликува таа зачудувачка цивилизација е по владеењето на Вселенскиот разум, кој претставува единство на разумите на сите Зурамци и е едно огромно духовно поле. На таа планета секој Зурамец е со сопствен мозок и свест, но истовремено е и дел од Вселенскиот мозок. Егзистирајќи како енергетско-мисловни битија, кај Зурамците мислата не умира по смртта, туку продолжува да живее повеќе животи. Есхатолошката тема во романот се реализира преку сознанието за катаклизмата на планетата Зурам, по што останала Зенера како

единствена преживеана, која веќе десет милијарди години скита низ вселената и бара начин да продолжи да живее. Уништувачкото влијание на црната дупка придонело таа да почне да го заборава сопствениот лик, па затоа зема лик на жена од Земјата: „Меѓутоа, јас повеќе не знам ни како изгледале Зурамците ни каква била нивната планета. Сега јас суштествувам како поделено суштество. Го земам ликот на жена, мислам со помош на твојот мозок, а се ослободувам од туѓата и непотребна енергија преку водите од овој извор, бидејќи водата и човековиот мозок на вашата планета се најфлуидните и најфеноменалните ентитети за чии особини вие луѓето ништо не знаете“ (132). Со ова се осветлува моментот на секојдневното капење на мистериозната девојка во изворот, кој во основа има прочистителна, лечебна моќ (врска со фолклорот), капење кое трае само до заодот на Сонцето,: „...Јас сум кај изворот веќе илјадници години и илјадници години се измачувам и чекам овде цивилизацијата на Земјаните да го достигне потребното ниво на сознаен и технички развој“ (132). И, овде се открива причината за нејзиното приближување кон Мартин, кој во моментот е најпогоден за нејзината голема цел: „...Сакам да го најдам и својот лик, односно ликот на Зурамците, бидејќи сега премногу сакам да видам какви биле Зурамците во праформите за да почнам и луѓето да ги метаморфозирам во такви форми“ (132), а доколку тоа се покаже како невозможна мисија, вонземјанката Зенера има помошен план во кој отворено се посочува опасноста за човековата цивилизација на Земјата: „Цивилизацијата на Зурам не смее да изумре и таа мора да остане вечна... (...)... Тогаш ќе испитам која животна форма на Земјата е најпогодна за поседување разум и ќе почнам со мутации... (...)... Мислам дека иднината на оваа планета им припаѓа на инсектите, бидејќи тие се најадаптилните и најиздржливите, најмногубројните и најрационалните. Нивните тела се доведени до совршенство, а можностите до крајни граници и тие нивни форми и феноменални особини ги усовршуваат со милиони години, додека векот на една човечка цивилизација е смешно кус и никогаш не преминал повеќе од пет илјади години. Човекот како суштество е толку слаб и толку зависен что се чудам и прашувам како и толку може да опстане... (...)... Постојат објективни услови да создадам клонирана супер цивилизација со особини на Земјаните, Зурамците и инсектите“ (133-134). И покрај отворената опасност за човековата цивилизација, заслепеноста на Мартин од Зенера го води кон фатален крај за него, а крајно неизвесен за Земјаните: „Сѐ што гледаше Мартин на таа дојденка од претходните вселени беше Сенино; и очите и насмевката, и телото и косата, и лицето, и сѐ друго освен мислата, но сега веќе на Мартина ништо не му беше важно и ништо друго за него не постоеше освен тоа вонземно и вонвселенско суштество во ликот на Сена на која тој ѝ требаше и која толку го маѓепса што веќе заборави на себе и на сѐ околу себе“ (135). Во пештерата во која ќе го одведе Зенера, Мартин обземен од љубовен оган, доаѓа до застрашувачко сознание: „Зенера воопшто немаше полов орган, туку местото беше обрастено со чипурлаво козинче и ништо друго немаше освен тоа козинче....Новото и големо раѓање не беше полово, туку мисловно соединување, бидејќи сега на Зенера ѝ требаше Мартиновата мисловна и емоционална енергија и Зенера како пијавица се обви околу него...Усните ѝ се слепија на неговото чело и Мартин почувствува како омлитавува и се препушта на нешто топло и врело што му се прилепи на челото и кое почна да ја пие енергијата на неговите мисли. Мартин тоа миговно го сфати и миговно во него се разбуди човек и тој напна од петни жили да се ослободи од опасната прегратка и уште поопасниот бакнеж, но веќе сѐ беше доцна. Доцна и засекогаш завршено“ (136), но судбината на Мартин е засекогаш запечатена: „Мартина го најдоа по неколку дена во планината како се влечка нараце-нанозе по ридот и јаде трева и лисја без да знае што прави и кој е. Никој не можеше да каже што се случило, бидејќи веќе и никој освен Сена не веруваше во голата девојка. Мартина го однесоа во најдобрата психијатриска клиника на Земјата, но експертите успеаја само да

констатираат дека некој и на некаков непознат начин ги неутрализира во неговиот мозок сите мисловни процеси и тој сега беше единствениот човек на планетата Земја со мозок во кој повеќе ништо немаше освен моторните процеси и основните рефлекси“ (137).

На тој начин ќе се реализира големото раѓање и возобновување на зурамската цивилизација преку едно мисловно соединување, со раѓање на нови суштества: „...Зенера почна да посинува и постанува проѕирна и само за неколку минути се претвори во сина магличка од која наеднаш почнаа да се формираат и создаваат две еднакви и сосем исти сини девојчиња, како да се сијамски близначки. И кога сосем се оформија, почнаа да го менуваат и ликот и бојата и од проѕирни да постануваат темно сини и непроѕирни додека двете не го добија ликот на Сена кој сега за нив остана унифициран лик на жена од Земјата“ (137). Овде, читателот, како и авторот, неизоставно си го поставува прашањето кое директно и отворено ѝ се заканува на човековата цивилизација - до каде и до кога ќе оди тоа мисловно размножување на Зурамците: „...ќе остане и понатака на Земјата и ќе го продолжи тоа мисловно соединување, создавајќи илјадници и милиони Зурамки, сè додека има луѓе на Земјата од кои ќе остануваат само табули рази. Којзнае, можеби Зенера не ќе успее да го најде својот лик и место вечно да се мултиплицира, ќе почне со клонирање на луѓето да создава некој чудовишен хибрид“ (137).

## ЗАКЛУЧОК

Научно-фантастичниот роман „Лицето на самовилата“ од познатиот македонски автор на научна фантастика –Стојмир Симјановски ја открива врската на митот и научната фантастика. Или, како што ќе рече José Manuel Losada, од една страна, научната фантастика и митот се преклопуваат во неколку суштински аспекти: и двете се приказни за необични настани од функционална, симболична, емотивна и динамична природа, составени од низа елементи (теми и мотиви), а од друга страна, само митот го претставува судирот меѓу трансцендентниот и иманентниот свет, додека научната фантастика го елиминира секое навестување на трансценденција со обезбедување на научни и иманентни објаснувања за сите мистерии. Главен лик само на прв поглед е земјанинот-новинар Мартин, а всушност на преден план е вонземјанката Зенера која од дамнешни времиња престојува на Земјата во исчекување на човечко суштество, кое ќе биде на доволно висок интелектуален степен за да може преку него да ја продолжи својата цивилизација. Жанрот "научна фантастика" е форма која го осветлува вонземјанинот од инаку познат свет. Функцијата на Жената во тој свет често е онаа на вонземјанин, спротивставувајќи се на патријархалната машка доминација на наративот за потеклото. Во рамките на научната фантастика, сликата на женскиот вонземјанин претставува моќна сексуалност и репродуктивна сила што е во спротивност со наративот на приказната за мажот/херојот/потеклото.[5] Иако во романот е евидентно дека спојувањето на Мартин и Зенера нема никаква сексуална позадина, репродуктивната моќ на вонземјанката е во нејзината мисловна моќ и способност. Гледано од тој аспект, овој текст може да се сфати и како алегорија на положбата на жената од дамнина, па до денес. Во тој контекст, би го спомeнале и познатото тврдење на Урсула Ле Гвин, која тврди дека уште од праисторијата потекнува сликата за машката доминација во племето/семејството. Сликата за таа доминација била поттик од откривањето на алатките, со што се родила приказната за човекот како ловец, како херој, игнорирајќи го притоа женскиот наратив на собирач/носач/торба. Последново „торба“ Ле Гвин го

[5] Flores, Sarah M. "The Female Alien/Other: Looking Outside the ‘Origins of Man’To See Inside the Origins of Woman/Alien/Cyborg." *ecology* 151 (1996): 151.

доведува/идентификува со матка која носи/донесува/раѓа живот, исто како што и на ловецот му е потребен собирач/приготвувач на храната. [6] Робин Робертс го поддржува нејзиното мислење и истакнува дека низ целата научно-фантастична книжевност жената има секундарна улога, во однос на машкиот херој. Причината за тоа, таа ја гледа во фактот што поголемиот дел од оваа книжевност е напишана од мажи, а воедно преовладува и патријархалниот модел. Од тие причини, во еден голем дел од научно-фантастичната литература, женските ликови се поврзуваат со вонземјаните: „Овие жени вонземјани првично беа моќни и заканувачки и агресивно го насочуваа својот пол кон читателот и мажите во приказните. До крајот на текстовите, женката е ставена на своето „соодветно“ место, подредено на машките ликови. Нејзината подреденост е дури и оправдана со сексуалната или физичката закана што ја претставува за човештвото“.[7] Се разбира, ова не може да се однесува на текстот на Симјановски, но не треба да се занемари фактот што низ целиот текст нејзината појава е претставена како некакво демонско суштество кое им се појавува на мажите метаморфозирајќи се во ликот на нивни близок женски лик, односно во она што го посакуваат, со цел да ги привлече/намами. Исто така, многу индикативен е и фактот што главниот лик –Мартин, сексуално/еротски (неприродно!) необјасниво е привлечен од сестрата на неговата свршеничка - Сена, па во ликот на вонземјанката постојано го гледа ликот на Сена. Токму тоа ќе се покаже погубно за него, зашто така ќе биде намамен од Зенера, иако во мигот на сексуално спојување ја сфаќа својата грешка, односно дека вонземјанката е неспособна за сексулано спојување и телесна репродукција. На тој начин, неговото враќање на ниво на tabula rasa претставува своевидна казна за неговиот грев кон свршеницата, заради неверството со колешката Јулка и заради посакувањето на нејзината сестра Сена. Победата на Зенера со нејзината умствена, а не сексуална/ репродуктивна моќ над Мартин, претставува победа над сите мажи кои низ историјата ги поставувале жените на секундарно место.

## ЛИТЕРАТУРА


1. De Witt Douglas Kilgore, Difference Engine: Aliens, Robots, and Other Racial Matters in the History of Science Fiction, Science Fiction Studies,Vol. 37, No. 1 (March 2010), pp. 16-22, https://www.jstor.org/stable/40649582?seq=1#metadata_info_tab_contents, accessed on 22.01.2022
2. Flores, Sarah M. "The Female Alien/Other: Looking Outside the ‘Origins of Man’To See Inside the Origins of Woman/Alien/Cyborg." *ecology* 151 (1996): 151.
3. Le Guin, Ursula K. "The carrier bag theory of fiction." The Ecocriticism reader: Landmarks in literary ecology (1996): 150,151, 153
4. Lee, Ricky J. Rules for The First Contact: Legal and Policy issues arising from establishing and maintaining communications with extraterrestrial, https://www.researchgate.net/profile/Ricky-Lee-12/publication/330481374, accessed 21.01.2022
5. Martin, Mary Elaine. Posthumanist Androids, Animals, and Aliens Using Science Fiction “Others” to Re-negotiate Human Interactions, Faculty of Humanities, University of Oslo, 2021, p.5, https://www.duo.uio.no/handle/10852/87802, accessed on 10.12.2021
6. Monk, Patricia. Frankenstein's Daughters: The Problems of the Feminine Image in Science Fiction, Mosaic: An Interdisciplinary Critical Journal, Vol. 13, No. 3/4, Other worlds: Fantasy and Science Fiction Since 1939 (Spring/Summer 1980), pp. 15-27, https://www.jstor.org/stable/24780258?seq=1#metadata_info_tab_contents, accessed 11.11.2021
7. Roberts, Robin. “The Female Alien: Pulp Science Fiction’s Legacy to Feminists.” The Journal of Popular Culture 21, no. 2 (September 1, 1987): 34. doi:10.1111/j.0022-3840.1987.2102_33.x.
8. Саздов, Томе. Усна народна книжевност, Детска радост, Скопје, 1997.


[6] Le Guin, Ursula K. "The carrier bag theory of fiction." The Ecocriticism reader: Landmarks in literary ecology (1996): 150,151, 153

[7] Roberts, Robin. “The Female Alien: Pulp Science Fiction’s Legacy to Feminists.” The Journal of Popular Culture 21, no. 2 (September 1, 1987): 34. doi:10.1111/j.0022-3840.1987.2102_33.x.

9. Симјановски, Стојмир. Лицето на самовилата, Мисирков, Битола, 1991.